Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 29-01-2021
Орг. Един. / Njësia Org: 01 | Број / Numër: 14/1 | Прилог / Shtojcë: — | Вредност / Vlera: —
Бр. 25-5141-20
32

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**FINANCE THINK – Институт за економски истражувања и политики**
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Оценка на ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со фокус врз најранливите категории граѓани**

(Име на проектот)

Скопје, 29.01.2021 година

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-54/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | FINANCE THINK – Институт за економски истражувања и политики, Скопје |
| Наслов на проектот | Оценка на ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со фокус врз најранливите категории граѓани |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Благица Петрески, Извршен Директор |
| Проектен менаџер | Деспина Туманоска |
| Телефон и е-пошта за контакт | Despina.tumanoska@financethink.mk |
| Цел на проектот | Целта на овој проект е да го процени ризикот од сиромаштија наметнат од Ковид-19 кризата, со посебен осврт кон групите најизложени на социјален ризик, и да ја подигне информираноста и свесноста за искористување на мерката за олеснет влез во системот на гарантирана минимална помош. |
| Целна група | Целните групи на проектот се поделени во две групи:<br>1) Жените и младите во социјален ризик, неформалните работници, примателите на социјална помош и Ромите се примарна целна група. Овие групи се под ризик од невработеност (на пр., младите), од неактивност на пазарот на труд (на пр., жените), од губење на некаков доход целосно или да не се во можност да побаруваат социјална заштита (на пр., неформални работници) и од запаѓање во екстремна сиромаштија (на пример, Роми, приматели на социјална помош).<br>2) Носителите на политиките во Министерството за труд и социјална политика кои имаат надлежност над социјалните политики. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Република Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 809.460,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 808.171,00 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Една од мерките што Владата ги превзеде во насока на намалување на штетните последици од Ковид-19 кризата, особено брз најранливите категории граѓани, беше олеснување на критериумите за стекнување право на гарантирана минимална помош (ГМП), со цел да обезбеди побрз влез на граѓаните во системот

на ГМП, преку оценка на нивниот доход од претходниот месец (наместо од претходните 3), како и значајно олабавување на критериумите во однос на поседување движен и недвижен имот. Иако првичните проценки, на пример на МОТ/ЕБОР (2020), покажуваат дека ваквите мерки даваат позитивни ефекти, сепак дебатата остана главно генерална. Оттука, во рамки на овој проект направивме екстензивно истражување како кризата предизвикана од Ковид-19 влијае врз најранливите граѓани и стапката на сиромаштија, и дали и во која мерка олеснетите критериуми за стекнување право на ГМП влијаеа врз промените во стапките на сиромаштија во земјава. Истражувањето покажа дека оваа мерка има потенција да извлече од екстремна сиромаштија околу 24 илјади лица, и да доведе до намалување на стапката на апсолутна сиромаштија (помалку од 1.9 УСД на ден, ПКС). Но, мерката не влијае врз стапките на релативна сиромаштија и апсолутна сиромаштија (помалку од 5.5 УСД на ден, ПКС), кои под влијание на кризата ќе се зголемат за 1.2 и 5.1 процентни поени соодветно.

Затоа, дадовме неколку препораки до носителите на политики, а особено до МТСП, за продолжување на важењето на олеснетите услови за влегување во системот на ГМП низ целата 2021 и воведување времен додаток на ГМП во износ 1/3 од моменталниот износ од 4.300 денари по единица корисник и подигнување на доходниот праг за подобност за 1/3. Во предлогот за измени на Законот за социјална заштита, даден од страна на Владата на РСМ во ноември 2020 година, се предвидува важењето на олеснетите критериуми за влез во ГМП да важат во вонредни околности, односно прогласена пандемија, што значи дека ќе важат и во 2021 година, што е во согласност со нашата препорака.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Ажурирање на МК-МОД | Ажурирањето на моделот МК-МОД опфаќа негово прилагодување на состојбата во 2019 година, согласно официјалните статистики објавени од страна на Државниот завод за статистика, како и прилагодување на системот на даноци, надоместоци и придонеси согласно стапки и правила што важеле на почетокот на 2020 година. | Јули 2020 | Ажурираниот МК-МОД целосно ја отсликува состојбата на даноци, придонеси и надоместоци, според стапки и правила кои биле во важност на почетокот од 2020 |
| Симулација на ефектот врз сиромаштијата во МК-МОД | Со користење на ажурираниот МК-МОД модел за даноци и надоместоци изграден и одржуван од Finance Think, кој пак се базира на Анкетата за квалитет на животот 2017 година, која за оваа потреба беше репондерирана да ја рефлектира состојбата во 2019 година, односно непосредно пред почетокот на кризата. Во МК-МОД го симулираме влијанието од Ковид-19 според секторската погоденост во вториот квартал од 2020, според податоците за прометот во индустријата, трговијата и услугите, објавени од Државниот завод за статистика. Според овие податоци, ги рангираме секторите на двоцифрено ниво од НКД Рев.2 на непогодени (1) до силно погодени (4), и потоа претпоставуваме неколку текови на | август-септември 2020 | Со употреба на наведената методологија, направени се симулации за влијанието на Ковид-19 кризата врз трите видови сиромаштија: релативна (60% под медијалниот доход), апсолутна (5.5 долари на ден) и ектремна сиромаштија (1.9 долари на ден). Наодите покажуваат дека поради Ковид-19 кризата, 25 илјади лица се втурнати во релативна сиромаштија, а нови |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | доходот од плата. Методологијата и начинот на пресметка ќе бидат целосно објавени во Брифот за политики што ќе излезе во првата половина на Октомври 2020 година. | | 100 илјади лица во апсолутна сиромаштија. Но, поради олеснетите услови за влез во системот на ГМП, воведени од страна на Владата во екот на пандемијата, 20 илјади лица имаат можност да бидат извлечени од екстремна сиромаштија. До јуни 2020 година, само 6 илјади лица влегле во системот на ГМП заради олеснетите услови, што значи дека мерката има потенцијал да извлече уште 14 илјади лица од екстремна сиромаштија. Заради тоа, потребни се измени во системот на ГМП, а конкретните мерки и предлози ќе бидат специфицирани во Брифот за политики. |
| Оценка на диференцијални ефекти врз избраните целни групи | Со користење на наведената методологија, пресметан е ефктот од Ковид-19 врз неколку категории целни групи: за цела популација, по пол, млади (15-29 години) и според работен статус (вработени, невработени и неактивни) и за три индикатори на сиромаштија: едниот е релативната сиромаштија и два индикатора за апсолутната сиромаштија; и за еден индикатор за распоредот на доходот. | Август-септември 2020 | Диференцијалните анализи на влијанието на Ковид-19 кризата врз одредени целни групи покажуваат дека според различните групи, ефектот од Ковид-19 е релативно еднакво распореден меѓу мажите и жените; додека тој е особено изразен кај младите лица (15-29), кај кои апсолутната сиромаштија (5.5 УСД) се искачува до 29%. Слично, Ковид-19 кризата релативно поедеднакво влијаела врз релативната сиромаштија зависно работниот статус, односно кај сите три работни статуси нејзиниот пораст е до два процентни поени, додека набљудувано според апсолутната сиромаштија (5.5 УСД), ефектот од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Ковид-19 е најнеповолен за невработените. |
| Оценка на фискалните ефекти од Уредбата за релаксирање на критериумите за стекнување гарантирана минимална помош | Во текот на првиот квартал од спроведувањето на проектот извршена е оценка на фискалните ефекти од олеснувањето на критериумите за стекнување ГМП засновани на Анкета на квалитет на живот 2017 репондерирана да ја рефлектира 2019 и МК-МОД. Притоа, побаран е податок од Министерство за труд и социјална политика, за бројот на нови домаќинства и/или лица што го искористиле правото за влез во системот на ГМП заради олеснетите критериуми, но до моментот на пишување на овој извештај податокот не е добиен. Затоа, го користиме последниот достапен податок што се однесува заклучно до јуни 2020 година. | Август-септември 2020 | Оценката покажа дека, заклучно со јуни 2020 година, потенцијалот на мерката со која беа олеснети критериумите за стекнување ГМП е искористен само 30%. Односно, мерката има потенцијал да извлече од ектремна сиромаштија 5.6 илјади домаќинства, или 20 илјади лица, но до јуни 2020 само 1.7 илјади домаѓинскта (околу 6 илјади лица) стекнале право на мерката. Со цел целосно искористување на потенцијалот, потребни се поголеми напори на Владата за забрзување на административните процедури и информирање на населението за можноста за влез во ГМП. Конкретни предлози за понатамошно олеснување на мерката ќе бидат дадени во Брифот за политики што е во изработка. |
| Спроведување најмалку 2 фокус групи (или 1 фокус група и 3 длабински интервјуа) со претставници на групите најизложени на социјален ризик во услови на Ковид-19 | На 22 и 23 септември 2020 година беа одржани 3 фокус групи со вкупно 15 учесници, со цел да се слушнат нивните искуства околу влијанието на кризата предизвикана од Ковид-19 врз личниот доход, семејниот приход, статусот на пазарот на труд и сиромаштијата. Пред реализација на ФГ, беше подготвен флаер и споделен на социјалните медиуми, каде заинтересираните лица имаа можност да изразат интерес за учество на ФГ. Пристигнаа повеќе од 150 апликации, а без избрани лица што за време на кризата стекнале право на ГМП, лица што го изгубиле работното место за време на кризата и/или лица што искусиле пад на личниот/семејниот доход поради кризата. Пред спроведувањето на ФГ, беше изготвен полу-структуиран Водич за ФГ, со цел олеснување на модерирањето. | 22-23 септември 2020 | Наодите од спроведените фокус групи се многу интересни, воедно и загрижувачки, укажувајќи дека лицата искусиле негативни последици поради кризата, како загуба на работно место, пад или загуба на личниот доход, потреба од социјална заштита од државата, и слично. Сите наоди се вградени во Брифот за политики што ќе се финализира во првата половина на месец октомври 2020 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка и пишување Бриф за политиките „Ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со посебен осврт кон жените и младите во социјален ризик, неформалните работници, примателите на социјална помош и Ромите“ | Наодите од претходните активности се систематизирани и сублимирани во бриф за политиките насловен Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Северна Македонија?“ Брифот е достапен на линкот https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2020/11/PB43.pdf | Септември-октомври 2020 | Бриф за политиките број 43 „Колку Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во Севрна Македонија?“ е подготвен и објавен на веб страната на организацијата и испратен до клучните носители на политики. |
| Подготовка на конкретни предлози за интервенции на политиките, во смисла на понатамошно допрецизирање на Уредбата, други предлози и интервенции во Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за осигурување во случај на невработеност | Согласно резултатите од истражувањето, креирани се неколку препораки до носителите на политики, со цел интервенции во Законот за социјална заштита заради спречување на негатоивните последици од Ковид-19 врз најранливите граѓани, и тоа:<br>- Олеснетите критериуми за влез во ГМП да важат и во 2021 година<br>- Воведување времен додаток на ГМП и намалување на доходниот праг за влез во системот | Октомври-ноември 2020 | Еден од дадените предлози за продолжување на важењето на олеснетите критеримуи за стекнување право на ГМП е прифатен од страна на Владата, која во предлогот за измени на Законот за социјална заштита од ноември 2020 година, предлага олеснетите критерими да важат се додека е прогласена пандемија од Ковид-19. |
| Зголемување на информираноста и свесноста за ефектите од Ковид-19 врз конкретните целни групи, како и нивната информираност за олеснетите критериуми за влез во системот на ГМП. | Со цел зголемување на информираноста на јавноста за ефектите од Ковид-19 врз најранливите граѓани, подготвивме 3 инфографикони: 1) Заразена сиромаштија, 2) Да ја направиме ГМП подостапна и повисока и 3) Нашите нови сиромашни.<br>Дополнително, со цел споделување на резултатите од истражувањето со јавноста, на Светскиот ден за искоренување на сиромаштијата 17 октомври 2020 година, организиравме Бриф за новинари, а резултатите од проектот беа топ тема во медиумите. | Континуирано во текот на спроведување на проектот | Информираност на јавноста за олеснетите критериуми за влез во ГМП, за ефектите на Ковид-19 врз сиромаштијата. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во имплементацијата на проектот не се соочивме со проблеми, туку предвидените активности ги прилагодивме на моменталната ситуација со Ковид-19 кризата. Па така, предвидените фокус групи наместо со физичко присуство, беа успешно организирани онлајн. Сите останати активности беа спроведени според предвиденото.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Три фокус групи | 15 | - | - |
| Бриф за политиките „Колку Ковид-19 ќе ја сголеми сиромаштијата во Северна Македонија?„ | - | 20 | - |
| Бриф за новинари | 7 | - | 1. https://telma.com.mk/2020/10/17/%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B3%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8-%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%88%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5/<br>2.https://www.novamakedonija.com.mk/ekonomija/%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%88%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D1%83%D1%88%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B0/<br>3. https://nezavisen.mk/kovid-19-vturna-25-iljadi-lica-vo-relativna-i-ushte-100-iljadi-vo-apsolutna-siromashtija/<br>4. https://akademik.mk/analiza-na-fajnans-tink-kolku-kovid-19-ke-ja-zgolemi-siromashtijata/<br>5. https://kanal5.com.mk/kovid-19-vo-siromashtija-vturna-novi-25-000-lica/a443898 |
| Инфографикони | - | 3 | https://bankarstvo.mk/finance-think-%D0%BA%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-19-%D0%BD%D0%B0%D1%98/ |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Истражувањето понуди робустна пресметка дали и во која мерка кризата предизвикана од Ковид-19 ќе ја зголеми сиромаштијата во земјава, и дали понудената мерка за олеснување на критериумите за стекнување право на ГМП со цел заштита на најранливите граѓани ќе ги заштити од ударот на кризата. Еден од успесите е што за прв пат е направена ваква квантитативна анализа со употреба на МК-МОД моделот, кој покажа дека владината мерка има потенцијал да извлече од екстремна сиромаштија околу 24 илјади лица. Бидејќи мерката има позитивен ефект, нашите препораки се во насока на продолжување на важењето на олеснетите критерими за влез во ГМП и во 2021 година, како и воведување времен додаток

на ГМП и намалување на доходниот праг за влез во системот. Согласно овие препораки, во ноември 2020 година, Владата предложи измени на Заканот за социјална заштита, со цел олеснетите критериуми да важат во вонрдени околности (прогласена пандемија) што е во линија со нашата препорака.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **337.440** | **337.440** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **88.300** | **88.211** | |
| **III. Директни трошоци** | 383.720 | 382.520 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **809.460** | **808.171** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај се следните:

- Листа на учесници на фокус групи
- Бриф за политиките
- 3 инфографикони и
- Детална документација за сите трошоци

______________, ____. ____. 20__ год. ______________________________

(Место) (датум) (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

______________________________
(Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на здружението | ФИНАНЦЕ ТХИНК, Скопје | | | |
| Наслов на проектот | Оценка на ефектите од Ковид-19 врз сиромаштијата, со фокус врз најранливите категории граѓани | | | |
| Доделена финансиска поддршка | 809,460 | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 0 | | | |
| Вкупен буџет на проектот | 809,460 | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | |
| Буџетска линија | Вкупно | Реализирано | Остаток | Остаток (%) |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | |
| Проектен координатор (33%) | 210,000 | 210,000 | 0 | 0% |
| Финансиски соработник (40%) | 75,600 | 75,600 | 0 | 0% |
| Административен и логистички соработник (30%) | 51,840 | 51,840 | 0 | 0% |
| Вкупно за I | **337,440** | **337,440** | 0 | 0 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Транспорт | 18,900 | 18,811 | 89 | 0% |
| Канцелариски трошоци | 27,000 | 27,000 | 0 | 0% |
| Услуги | 10,000 | 10,000 | 0 | 0% |
| Информации и комуникација | | | | |
| телефон | 18,900 | 18,900 | 0 | 0% |
| интернет | 8,100 | 8,100 | 0 | 0% |
| пошта, поштенски и курирски услуги и слично | 5,400 | 5,400 | 0 | 0% |
| Вкупно за II | **88,300** | **88,211** | 89 | **0%** |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | |
| Активност 1- Ажурирање на МК-МОД | 60,000 | 60,000 | 0 | 0% |
| Активност 2 - Симулација на ефектот врз сиромаштијата во МК-МОД | 48,000 | 48,000 | 0 | 0% |
| Активност 3 - Оценка на диференцијални ефекти врз избраните целни групи | 36,000 | 36,000 | 0 | 0% |
| Активност 4- Оценка на фискалните ефекти | 36,000 | 36,000 | 0 | 0% |
| Активност 5. Спроведување фокус групи и интервјуа ( освежување, простор и сл) | 10,500 | 10,500 | 0 | 0% |
| Активност 6 - Подготовка и пишување Бриф за политиките . Економски аналитичар (30%) | 50,850 | 50,850 | 0 | 0% |
| Активност 7- Подготовка на конкретни предлози за интервенции на политиките, Економски аналитичар (30%) | 67,550 | 67,550 | 0 | 0% |
| Активност 8- Кампање за информираноста и свесноста за ефектите од Ковид-19 врз конкретните целни групи | 0 | 0 | 0 | 0% |
| 8.1 Графички дизајнер и комуникациски соработник (30%) | 58,320 | 58,320 | 0 | 0% |
| 8.2 Кампања на социјални медиуми | 13,500 | 12,300 | 1,200 | 9% |
| 8.3 Трошоци за принтање на бриф за политиките | 3,000 | 3,000 | 0 | 0% |
| Вкупно за III | **383,720** | 382,520 | 1,200 | **0%** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **809,460** | 808,171 | 1,289 | **0%** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.